Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено заеднички од **Даимлер Трак АГ** (Daimler Truck AG), со седиште на адреса Фасаненвег 10, 70771 Лаинфелд-Ехтердинген, Германија, **ТРАТОН СЕ** (TRATON SE), со седиште на адреса Дахауер Штрасе 641, 80995 Минхен, Германија и **АКЦИЕБОЛАГЕТ ВОЛВО (ПУБЛ)** (AKTIEBOLAGET VOLVO (PUBL)), со главно седиште на Гропегардсгатан 2, 405 08 Гетеборг, Шведска, преку полномошник Божидар Милошевиќ, адвокат од Скопје на седницата одржана на ден 02.02.2022 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на создавање на целосно функционално заедничко вложување кое ќе изгради и ќе управува со јавно достапна мрежа за електрично полнење, со високи перформанси, на електрични тешки товарни камиони и транспортни автобуси (*coaches*) на батерии, од Даимлер Трак АГ (Daimler Truck AG), со седиште во Лаинфелден-Ехтердинген, со седиште на адреса Фасаненвег 10, 70771 Лаинфелден-Ехтердинген, Германија, ТРАТОН СЕ (TRATON SE, со регистрирано седиште на Дахауер Штрасе 641, 80995 Минхен, Германиј, и АКЦИЕБОЛАГЕТ ВОЛВОПУБЛ (AKTIEBOLAGET VOLVO (PUBL)), со главно седиште на Гропегардсгатан 2, 405 08 Гетеборг, Шведска, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 29.12.2021 година, а дополнето на 05.01.2022 година, и на 24.01.2022 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација која се однесува на создавање на целосно функционално заедничко вложување кое ќе изгради и ќе управува со јавно достапна мрежа за електрично полнење, со високи перформанси, на електрични тешки товарни камиони и транспортни автобуси (*coaches*) на батерии, од **Даимлер Трак АГ** (Daimler Truck AG), со седиште на адреса Фасаненвег 10, 70771 Лаинфелд-Ехтердинген, Германија, **ТРАТОН СЕ** (TRATON SE), со седиште на адреса Дахауер Штрасе 641, 80995 Минхен, Германија (преку своето зависно друштво ТРАТОМ ИНТЕРНЕШНАЛ С.А. (TRATON INTERNATIONAL S.A.)) и **АКЦИЕБОЛАГЕТ ВОЛВО (ПУБЛ)** (AKTIEBOLAGET VOLVO (PUBL)), со главно седиште на Гропегардсгатан 2,

405 08 Гетеборг, Шведска (преку своето зависно друштво ВОЛВО АРЕНДАЛ АБ (VOLVO ARENDAL AB)), во кое наведените претпријатија ќе имаат еднаков удел од 33,3%, еднакви пропорционални права на дистрибуција на приходите и еднакви права на глас

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Даимлет Трак АГ**, со седиште на Лајнфелден-Ехтердинген, Германија, е 100% зависно друштво на Даимлер Трак Холдинг АГ (Daimler Truck Holding AG), компанија која котира на берзата во Франкфурт. Daimler Truck е оперативното, владејачко (матично) друштво за активностите на Даимлер Трак Груп (Daimler Truck Group) во областа на камиони и автобуси, со брендови како Мерцедес Бенз Тракс (Mercedes-Benz Trucks), Фрајтлајнер (Freightliner), Мицубиши Фусо (Mitsubishi Fuso), Вестерн Стар (Western Star) и Сетра (Setra).

**Тратон СЕ**, со седиште во Минхен, Германија, е самостојно контролирано од Фолксваген АГ (Volkswagen AG), со седиште во Волфсбург, Германија (VW Group/Фолксваген групацијата). Тратон СЕ е холдинг друштво за деловниот потфат со камиони и автобуси на Фолксваген групацијата. Примарно работи преку своите оперативни единици МАН (MAN), Сканиа (Scania), Навистар (Navistar) и Фолксваген Камињоес е Онибус (Volkswagen Caminhões e Ônibus).
Фолксваген групацијата е активна на светско ниво со развој, производство, маркетинг и продажба на патнички автомобили, лесни комерцијални возила, камиони, автобуси, транспортни автобуси (*coaches*), шасии за автобуси и дизел мотори, мотоцикли,вклучувајќи резервни делови и дополнителна опрема за сите наведени категории на возила. Фолксваген групацијата исто така се занимава со дистрибуција на возила.
Фолксваген групацијата ги вклучува брендовите за моторни возила Фолксваген Песинџер Карс (Volkswagen Passenger Cars), Фолксваген Лајт Комршал (Volkswagen Light Commercial), Порше (Porsche), Ауди (Audi), Шкода (Škoda), Ламборгини (Lamborghini), СЕАТ (SEAT), МАН (MAN), Сканиа (Scania) и Дукати (Ducati). Фолксваген групацијата е исто така активна во областа на поврзани услуги за автомобили, вклучувајќи услуги за споделување на возило (*car sharing support*) и услуги и управување со флоти. Преку својот бренд Моиа (Moia), нуди услуги за споделување на возила во Хамбург и Хановер.
Дополнително, Фолксваген групацијата обезбедува финансиски услуги и услуги за осигурување поврзани со дистрибуција и финансирање на своите автомобили и комерцијални возила, но ги покрива и редовните банкарски и други активности на осигурување. Оваа дејност се спроведува главно преку Фолксваген Фајненшл Срвисис АГ (Volkswagen Financial Services AG) („FSAG“) и неговите зависни друштва. Во прилично ограничена мера, Фолксваген Фајненшл Срвисис АГ нуди и услуги за изнајмување автомобили.
Фолксваген групацијата ги има следниве регистрирани зависни друштва во Северна Македонија:

- Порше Лизинг ДООЕЛ Скопје, со седиште на Бул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје и дејност финансиски лизинг;
- Порше Брокер АД Скопје со седиште на Бул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје и дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници
- Порше Македонија ДООЕЛ Скопје со седиште на Бул. Босна и Херцеговина бр. 4, Скопје и дејност трговија со автомобили и моторни возила од лесна категорија
- Сканиа Македонија ДООЕЛ Илинден со седиште на Улица 34 бр. 7 Илинден, Скопје и дејност трговија со останати моторни возила

**АКЦИЕБОЛАГЕТ ВОЛВО (ПУБЛ)** е мултинационална компанија со седиште во Гетеборг, Шведска и котира на нордиската берза Nasdaq OMX. Преку своите удели

во друштвата од Волво групацијата на друштва. АКЦИЕБОЛАГЕТ ВОЛВО (ПУБЛ) е глобално активен со производство и продажба на камиони за на автопат и надвор од автопат, автобуси, градежна опрема и поморски мотори, мотори за на автопат и надвор од автопат и индустриски мотори.
Групацијата Волво во Северна Македонија има регистрирано едно зависно друштво:

Друштво за трговија, услуги и превоз на стоки ВОЛВО МАКЕДОНИЈА Втц ДООЕЛ Ќојлија Петровец со адреса на Петровец Ќојлија ул. 112 2/14 и дејност одржување и поправка на моторни возила.

Заедничкото вложување ќе биде фокусирано на тоа да биде Оператор на станица/место за електрично полнење, кој ќе изгради и ќе управува со јавно достапна мрежа за полнење со високи перформанси за електрични тешки товарни камиони и транспортни автобуси (*coaches*)со батерии, по должина и близу до главните автопати и логистички точки на интерес во избрани и договорени земји во Европа, но не и во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**